IRI
INTERNATIONAL REPUBLICAN INSTITUTE
Advancing Democracy Worldwide

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

# ВОДИЧ

## ЗА АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Автор: Константин Битраков




септември 2024 г.

**Водич за активна транспарентност на политичките партии во Република Северна Македонија**

**Автор:** Константин Битраков

**За издавачот:** Меѓународен републикански институт - Подружница Скопје

Copyright © 2024 Меѓународен републикански институт. Сите права се задржани.

**Изјава за дозвола:** Ниту еден дел од оваа публикација не смее да биде умножуван во која било форма или на кој било начин, електронски или механички, вклучувајќи и фотокопирање, снимање или зачувување во системи за складирање и пребарување на информации, без претходна писмена согласност од Меѓународниот републикански институт.

**Барањата за дозвола треба да ги вклучуваат следните информации:**

- Името на документот за кој се бара дозвола за копирање на материјалот.
- Опис на материјалот за кој се бара дозвола за копирање.
- Целта за која ќе се користи копираниот материјал и начинот на кој ќе биде користен.
- Вашето име, работното место, името на компанијата или организацијата, телефонски број, факс, имејл-адреса и поштенска адреса.

Ве молиме, сите барања за дозвола испратете ги на:
Attention Communications Department
International Republican Institute
1225 Eye Street NW, Suite 700
Washington, DC

*Овој труд е подготвен од авторот Константин Битраков за потребите на Меѓународниот републикански институт (ИРИ) и во соработка со Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер (АСПИ) во рамките на програмата „Подобрување на политичката клима во Северна Македонија: јакнење на локалната власт и транспарентноста на партиите“ со финансиска поддршка на Националниот фонд за демократија од Соединетите Американски Држави (НЕД).*

*За содржината е одговорен авторот и во никој случај не ги рефлектира позициите на ИРИ и на НЕД.*

# Содржина


Користени кратенки 4

Вовед 5

1. Значење на транспарентноста на политичките партии и моментална состојба во Р.С. Македонија 6

2. Законска рамка за транспарентност на политичките партии во Р.С. Македонија 8

   2.1. Општо за законската рамка 8

   2.2. Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер 8

   2.3. Закон за политичките партии 12

   2.4. Закон за финансирање на политичките партии 12

   2.5. Изборен законик 13

3. Информации и документи кои партиите треба да ги објавуваат со оглед на законската рамка и компаративните искуства 14

Прилог 1 – табеларен преглед на информации и документи кои партиите треба да ги објавуваат 16

# Користени кратенки

АСПИ: Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
ДЗР: Државен завод за ревизија
ДИК: Државна изборна комисија
ДКСК: Државна комисија за спречување на корупцијата
РСМ: Република Северна Македонија
УЈП: Управа за јавни приходи
ЦРСМ: Централен регистар на Република Северна Македонија

# ВОВЕД

Иако во последните неколку години се забележува напредок во транспарентноста на политичките партии,[1] што се должи на заедничките напори и активности превземени од страна на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен каракер (АСПИ) и Меѓународниот републикански институт (ИРИ), таа сè уште треба да се подобрува за да помогне да се превенира корупцијата, но и да се зголеми довербата на граѓаните во партиите. Соработката продолжува со делување не само на подигнување на нивото на транспаретноста туку и на нивото на отчетност и одговорност на политичките партии кон јавноста, се со цел да се превенира корупцијата, но и да се зголеми довербата на граѓаните во партиите. Токму овој водич цели да им помогне на партиите уште повеќе да ја унапредат нивната транспарентност и да се охрабрат да објавуваат што повеќе информации од интерес за граѓаните, вклучувајќи и информации кои не се законски обврзани да ги објавуваат, а даваат поцелосна слика за нивното делување и цели, односно информации кои поттикнуваат активна транспарентност.

Во овој водич, ќе се прикажат придобивките од зголемувањето на активната транспарентност на  партиите, како и моменталната состојба, ќе се предочат обврските на политичките партии кои произлегуваат од пози-тивните прописи во Република Северна Македонија и ќе се претстават информациите и документите кои политичките партии се очекува да ги објават проактивно, иако тоа не е експлицитно предвидено во законска одредба.

[1] Данче Даниловска-Бајдевска (2023). Индекс на транспарентност на политичките партии во Република Северна Македонија (2023), Меѓународен републикански институт.

# 1. Значење на транспарентноста на политичките партии и моментална состојба во Р.С. Македонија

Транспарентноста на политичките партии и учесниците во изборните кампањи, особено во поглед на финансиите, претставува механизам за превенција на корупцијата. Информациите околу приходите на политичките партии и на учесниците во изборните кампањи[2] овозможуваат увид во влијанијата на приватните интереси врз креирањето на политиките и можните клиентелистички врски.[3] Секако, за да се добие целосната слика потребно е да се има увид и во расходите на политичките партии.

Второ, партиите, покрај од приватните извори, се финансираат и од буџетот на државата. Оттука, партиите се практично финансирани од сите граѓани во државата, што значи дека тие мораат да бидат транспарентни и отчетни пред нив.

Трето, транспарентноста на политичките партии може да доведе до зајакнување на довербата на граѓаните во нив. Имено, за секоја држава е исклучително значајно граѓаните да имаат доверба во јавните институции.[4] Имајќи предвид дека токму партиите се мостот помеѓу јавните институции и граѓаните[5] односно дека партиите се политичките актери преку кои граѓаните ги реализираат своите очекувања и барања,[6] довербата во нив влијае и на довербата во јавните институции.

Транспарентноста на партиите може да биде реактивна – кога тие даваат информации и документи по претходно доставено барање до нив, како и активна[7]- кога тие самоиницијативно објавуваат информации и документи за нив без за тоа да биде до нив поднесено барање.[8] Активната транспарентност е поефективна од аспект на зајакнување на довербата на граѓаните, бидејќи во денешно време е многу поверојатно

[2] Имајќи предвид дека учесник во изборна кампања не секогаш е исто што и политичката партија, така што учесник може да биде коалиција на политички партии, индивидуа поддржана од извесна политичка партија и слично.

[3] Сара Јанеска, Миша Поповиќ (2022), Најдобри европски практики на финансиска транспарентност на политичките партии – Бриф за политики, Меѓународен републикански институт и Институт за демократија Социетас Цивилис – Скопје, стр. 9, пристапено преку: https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2022/02/01-%D0%95uropean-practices-FT-designed-FINAL-MK.pdf (последен пристап: 04.04.2024 година).

[4] Повеќе во: OECD (2022). Building Trust to Reinforce Democracy: Main Findings from the 2021 OECD Survey on Drivers of Trust in Public Institutions, OECD Publishing, пристапено преку: https://read.oecd-ilibrary.org/governance/building-trust-to-reinforce-democracy_b407f99c-en#page4 (последен пристап: 05.04.2024 година).

[5] Paulina Szymczak (2016). Transparency of political parties, Informacja Publiczna, пристапено преку: https://informacjapubliczna.org/en/news/transparency-of-political-parties/ (последен пристап: 04.04.2024 година).

[6] Данче Даниловска-Бајдевска (2023). Индекс на транспарентност на политичките партии во Република Северна Македонија (2023), Меѓународен републикански институт, стр. 1.

[7] Некогаш е наречена и проактивна транспарентност. Впрочем, овие термини, барем во РСМ, се сметаат за синоними.

[8] Ваквата дефиниција на активна транспарентност ја наоѓаме во повеќе документи, на пример Стратегијата за транспарентност на Владата (2019 – 2021) и Стратегијата за транспарентност на Владата (2023 – 2026), Индексот на активна транспарентност на Центарот за граѓански комуникации и слично.

дека индивидуите ќе ги бараат информациите и документите за кои се заинтересирани во виртуелниот простор, отколку преку поднесување на барање за пристап до информации. Затоа партиите треба да инсистираат на сопствената активна транспарентност и да ги објавуваат не само оние информации и документи чие објавување е законска обврска туку и сите други информации и документи кои се од интерес за граѓаните. Објавувањето треба да биде исто така и во отворен формат,[9] континуирано и сеопфатно.

**Политичките партии треба да бидат проактивно транспарентни, т.е. да објавуваат и повеќе документи и информации отколку што мораат согласно материјалните закони како би ја придобиле и задржале довербата на граѓаните, особено во состојба кога таа е сериозно разнишана.**

Конкретно во РСМ, довербата на граѓаните и во политичките партии е исклучително ниска. Според истражувањето на јавното мислење спроведено од Меѓународниот републикански институт (ИРИ) во април и мај 2023 година, 75% од испитаниците не им веруваат на политичките партии.[10] Корисна алатка за зголемување на транспаретноста на политичките партии, а со тоа и отворање простор за зголемување на довербата во партиите е Индексот за транспареност на политичките партии во Р. С. Македонија од ИРИ, кој мери колку информации објавуваат партиите на нивните веб-страници, а се поврзани со нивното функционирање, финансиско работење и членство.

Иако се забележува унапредување на резултатите од мерењата на Индексот во 2021 и во 2023 г., резултатите од Индексот од 2023 година покажуваат дека сè уште ниту една партија нема постигнато одлична активна транспарентност, само три партии имаат многу добра активна транспарентност, а активната транспарентност на сите останати е оценета како добра, задоволителна или незадоволителна.[11]

Со цел да се охрабрат партиите да бидат активно транспарентни, во претстојниот текст на Водичот се понудени:

- преглед на релевантните прописи во РСМ и обврските кои од нив произлегуваат за политичките партии
- табеларен приказ кои информации и документи партиите треба проактивно да ги објавуваат на своите веб-страници во РСМ.

При изработката на табеларниот приказ кои информации и документи треба проактивно да ги објавуваат партиите во РСМ, беа земени предвид позитивните примери од други земји кои се понудени во посебен документ (компаративна анализа), одредбите на македонските прописи и Индексот за активна транспарентност на политичките партии во РСМ изработен од страна на ИРИ.

[9] Под отворен формат се мисли на формат кој овозможува машинско (компјутерско) читање и обработување на податоците.

[10] Види: Center for Insights in Survey Research (2023), National Survey of North Macedonia: April – May 2023, International Republican Institute, стр. 22, пристапено преку: https://www.iri.org/resources/national-survey-of-north-macedonia-april-may-2023/ (последен пристап: 09.04.2024 година).

[11] Сумирано во: Антонија Поповска (2023), Индекс на транспарентност: Ниту една политичка партија нема објавено список на вработени, пристапено преку: https://meta.mk/indeks-na-transparentnost-nitu-edna-politichka-partija-nema-objaveno-spisok-na-vraboteni/ (последен пристап: 09.04.2024 г.).

# 2. Законска рамка за транспарентност на политичките партии во Р.С. Македонија

## 2.1. Општо за законската рамка

Во РСМ повеќе закони се релевантни кога говориме за транспарентноста на политичките партии. Исто така, повеќе јавни органи имаат свои надлежности поврзани со транспарентноста на политичките партии. Генерално, правната рамка ја сочинуваат:

- **Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер** кој е општ закон, го уредува пристапот до информации од јавен карактер и предвидува дека политичките партии се иматели на информации во делот на приходите и расходите;
- **Законот за политичките партии** кој е општ закон со кој се уредуваат политичките партии како вид на организации (здруженија), општите правила на нивната внатрешна организација и дејствување, основањето, регистрацијата на политичките партии и друго, а каде е содржана декларативна одредба дека основањето, работењето и финансиското и материјалното работење на политичките партии е јавно;
- **Законот за финансирање на политичките партии** каде се уредува финансирањето на политичките партии, а во кој од аспект на транспарентноста се содржани одредби што предвидуваат кои документи и информации, поврзани со финансиските активности, партиите мораат да ги објавуваат и/или доставуваат до извесни државни органи;
- **Изборниот законик** кој ги уредува сите прашања околу изборите, а во таа конотација содржи и одредби кои документи и информации учесниците во изборната кампања мораат да ги објавуваат и/или доставуваат до извесни државни органи.

## 2.2. Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ги уредува условите, начинот и постапката за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат имателите на информации (член 1). Информации од јавен карактер се сите информации во

било која форма што ги создале или со кои располагаат имателите на информации (член 3, ст. 1, точка 2). Иматели на информации, пак, се следниве (член 3, ст. 1, точка 1):

- органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон
- органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје,
- установите и јавните служби
- јавните претпријатија
- правни и физички лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон и дејности од јавен интерес и
- политичките партии во делот на приходите и расходите.

Со оглед на фактот дека тие се иматели на информации од јавен карактер, политичките партии имаат повеќе обврски кои произлегуваат од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, од кој главни се три.




Прво, тие мораат да именуваат **службено лице за посредување со информации, најмалку едно, а може и повеќе (член 8). Откако ќе именуваат службено лице за посредување со информации, тие треба да ја информираат јавноста кое е службеното лице (преку својата веб-страница). Политичките партии откако ќе го определат службеното лице за посредување со информации треба да ја информираат АСПИ**. Доколку не се определи едно или повеќе службени лица или доколку јавноста не е информирана за службеното лице, функционерот или раководното лице на политичката партија може да одговара за сторен прекршок од членот 38 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Второ, политичките партии мораат да постапуваат по барања за пристап до информации од јавен карактер согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и да даваат информации за нивните приходи и расходи тогаш кога тие се од нив побарани.

**Во поглед на постапката за постапување по барање за пристап до информации важни се членовите 12 – 27, додека во членот 28 е специфицирано дека не смее да се наплати за пристап до информација.** Основен проблем кој може да се јави кога политичките партии ќе треба да постапат по барање за пристап до информации е што ќе се цени дека е информација во делот на приходите или расходите. Во таа насока, политичките партии треба да го толкуваат Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер широко: да даваат информации не само во поглед на износот на приходите и расходите туку и за тоа од каде се приходите, за што се потрошени расходите (спецификација на расходи), колку од приходите се од јавни, а колку од приватни извори, динамика на приходите и расходите во дадени периоди, алокација

на приходите и расходите и слично. Во поглед на постапувањето по барања за пристап до информации, постапката е доуредена во Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.[12]

Трето, политичките партии мораат проактивно да објавуваат информации на својата веб-страница, согласно членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Членот 10, имено, предвидува дека секој имател на информации треба преку својата веб-страница да ја информира јавноста со објавување на:

- податоците од неговите надлежности;
- основните податоци за контакт и тоа назив, адреса, телефонски број, број на факс, адреса на електронска пошта и адреса на веб-страницата;
- податоците за функционерот или одговорното лице кај имателот на информацијата (биографија, податоци за контакт и друго);
- основните податоци за контакт со службеното лице за посредување со информации и тоа име и презиме, адреса на електронска пошта и телефонски број;
- основните податоци за контакт со лице овластено за заштитено внатрешно пријавување и тоа име и презиме, адреса на електронска пошта и телефонски број;
- список на лица вработени кај имателот на информацијата со позиција, службена електронска пошта и службен телефон;
- законите кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации;
- прописите што во рамките на својата надлежност ги донесува имателот на информацијата во вид на подзаконски акти;
- органограм за внатрешна организација;
- стратешки планови и стратегии за работа на имателот;
- годишни планови и програми за работа;
- годишен Буџет и завршна сметка;
- годишни финансиски планови по квартали и програми за реализација на буџетот;
- ревизорски извештаи;
- видови услуги кои ги дава имателот на информацијата;
- тарифници за надоместоци за издавање на реални акти;
- начинот на поднесување на барање за пристап до информации (начин на поднесување усно и писмено барање за пристап до информации, како и барање поднесено по електронски пат);
- целокупната документација за јавните набавки, за концесиите и за договорите за јавно-приватно партнерство;
- предлог на програми, програми, ставови, мислења, студии и други слични документи кои се однесуваат на актите од надлежноста на имателот на информации, како и соопштенија до јавноста, информативни билтени, службени гласила и друго;
- извештаи за работа;
- статистички податоци за работата, како и други информации, акти и мерки со кои се влијае на животот и работата на граѓаните и кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информации;
- други информации кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информациите.

---

[12] Службен весник бр. 60/2020.

Во оваа смисла, може да се јават недоумици дали политичките партии треба да ги објават сите наведени информации (се разбира, кои се однесуваат на нив)[13] или пак само оние поврзани со приходите и расходите. Тесната интерпретација би била дека партиите, како иматели на информации во делот на приходите и расходите, треба да постапат согласно членот 10 само во делот на приходите и расходите, т.е. проактивно да ги објават само соодветните информации (буџет, завршна сметка, финансиски планови).

**Сепак, партиите треба да бидат наклонети да објавуваат повеќе информации согласно членот 10, а не само минимум информации во поглед на нивните приходи и расходи, земајќи го предвид значењето на нивната проактивна транспарентност (особено во услови на исклучително ниска доверба од граѓаните)**. Партиите во другите земји не ги објавуваат само приходите и расходите, напротив, тие објавуваат значително повеќе информации кои на граѓанинот му овозможуваат да стекне претстава за партијата, нејзините политики, интерната демократија, начинот на кој се донесуваат одлуките и слично. Освен тоа, партиите се оние кои најнепосредно влијаат на градењето на политиките на национално и локално ниво, па оттука тие треба да бидат отворени кон јавноста. На пример, во нашата земја граѓаните, граѓанските организации и медиумите често покажуваат интерес за вработените во политичките партии.[14] Оттука, препорачливо е политичките партии да демонстрираат висок степен на проактивна транспарентност, така што на својата веб-страница ќе објават не само информации за членовите на партиските органи и тела туку и информации за вработените: број на вработени, просечна плата на вработен во партијата, начин заинтересираните лица да се пријават за вработување во партијата и постапка за вработување, статистички податоци во поглед на родовата структура на вработените во партијата и слично. Во крајна инстанца, партиите можат да објават и список на вработени лица со контакт информации на вработените. Исто така, често се пројавува интерес за имотот на политичките партии, за што говорат поднесените барања за пристап до информации до партиите. Следствено, партиите треба да бидат охрабрени самостојно и проактивно да објавуваат информации за имотот кој го поседуваат, закупот кој го плаќаат за користење на простории и слично.

Значи, во поглед на информациите кои ќе бидат објавени на веб-страницата на политичките партии или кои ќе бидат дадени на барателите на информации, факт е законодавецот при носењето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер извршил екплицитна дистинкција помеѓу сите други субјекти кои се опфатени под поимот иматели на информации и политичките партии кои се иматели на информации во делот на приходите и расходите. Оваа експлицитна дистинкција имплицира, меѓу другото, дека политичките партии немаат законска обврска да објават сѐ што мораат да објават другите иматели на информации. Секое поинакво толкување, според кое политичките партии имаат законска обврска да објават сѐ што мораат да објават и другите иматели на информации, ќе нѐ доведе до прашањето зошто тогаш законодавецот воопшто правел разлика помеѓу сите останати институции и субјекти опфатени со законот (иматели на информации) и политичките партии (иматели на информации во делот на приходите и расходите). Но, тоа што политичките партии не се обврзани да објават сѐ што мораат да објават другите субјекти не значи дека тие не треба така и да постапуваат. Напротив, **политичките партии треба да се стремат да објавуваат што повеќе информации, со крајна цел да ја зајакнат довербата на граѓаните во нив**. Со други зборови, препорачливо е партиите да ги објават сите информации со кои располагаат, а кои се наведени во членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Исто така, доколку тие добијат барање за пристап до информации поврзани со нивното работење, вработените, имотот кој го поседуваат и слично тие треба позитивно да одговорат. Иако во вакви случаи не станува збор за приходите и расходите на партиите, сепак станува збор за поврзани информации кои на граѓанинот ќе му овозможат да создаде подобра слика за начинот на функционирање на политичката партија.

---

[13] На пример, тие секако нема да објавуваат информации за јавни набавки бидејќи не спроведуваат јавни набавки.

[14] Податоците со кои располага АСПИ покажуваат дека до политичките партии во повеќе наврати се поднесувани барања за пристап до информации поврзани со нивните вработени: број на вработени, листа на вработени, износ на средства исплатени на име плата за секое вработено лице од средствата од буџетот на РСМ за редовно финансирање на политичките партии и слично.

Во поглед на објавувањето на информации на веб-страницата, препорачливо е **партиите да имаат банер или хиперлинк на веб-страницата кој ќе носи назив „Информации од јавен карактер"** или слично. На тој начин, граѓанинот со еден клик ќе може да стигне до сите посакувани информации и нема да мора да вложува време да трага по посакуваните информации.

**Политичките партии мораат, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Упатството, да подготвуваат и доставуваат годишни извештаи за спроведување на законот** (обврска на службеното лице). Истите извештаи се доставуваат до АСПИ и објавуваат на веб-страницата на партиите.

**Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер предвидува дека партиите се иматели на информации во делот на приходите и расходите. Соодветно, тие имаат обврска да определат службено лице за посредување со информации од јавен карактер, да постапуваат по барања за пристап до информации и проактивно да објавуваат информации на нивната веб-страница.**

## 2.3. Закон за политичките партии

Законот за политичките партии во членот 10 предвидува дека основањето, работењето и финансиското и материјалното работење на политичките партии е јавно.

Оваа одредба само го потврдува толкувањето дадено претходно дека политичките партии не треба да ги објавуваат на својата веб-страница само информациите околу приходите и расходите туку и сите други информации кои, во најширока смисла, се поврзани со наведеното (основање, работење, финансиско и материјално работење).

**Законот за политичките партии е општ закон со кој се уредува нивното основање, организирање и слично. Оттука, исклучително е значајно што во неговите одредби е утврдено дека основањето, работењето, финансиското и материјалното работење на партиите се јавни. За да се постапи согласно оваа одредба, политичките партии треба да објавуваат што повеќе (релевантни) информации на своите веб-страници.**

## 2.4. Закон за финансирање на политичките партии

Како што може да се види од самиот негов наслов, овој закон е примарно донесен за да го уреди финансирањето на политичките партии. Сепак, во него се содржани и одредби релевантни за проактивната транспарентност, односно одредби во кои се воспоставува обврска за партиите да објават извесни документи и информации: регистар на донации (член 17, ст. 5),[15] извештај за донации (член 25), годишна сметка за финансиско работење (член 26, ст. 7) годишен финансиски извештај (член 27-а во врска со членот 27).

Во овој закон исто така се предвидува кои документи и информации партиите треба да ги доставуваат до УЈП, ДЗР и слично, но на тоа нема да обрнуваме внимание со оглед на фактот дека не е предмет на водичот.

[15] Во поглед на регистарот на донации, се применува Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на донации (Службен весник бр. 126/2014).

## 2.5. Изборен законик

Изборниот законик го уредува спроведувањето на изборите во РСМ, но во неговите одредби дополнително се предвидени обврски да се објавуваат информации и документи од страна на учесниците во изборна кампања. Со оглед на фактот дека партиите се, самостојно или како дел од коалиција, учесници во изборна кампања (или поддржуваат кандидат во изборна кампања), релевантни се и овие одредби од Изборниот законик. Така, задолжително мора да се објават: извештај за примени донации на трансакциска сметка на изборна кампања (член 84-б), вкупен финансиски извештај за изборна кампања со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања (член 85, ст. 1).[16]

Исто така, Изборниот законик предвидува што партиите мораат да доставaт до ДКСК, ДЗР и ДИК, но тоа не е предмет на разгледување во овој момент.

[16] Во поглед на подготовката на овој извештај се применува Правилникот за образецот за извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборна кампања и извештај за примени донации на трансакциска сметка за финансирање на изборна кампања (Службен весник бр. 80/2020, 218/2021).

# 3. Информации и документи кои партиите треба да ги објавуваат согласно на законската рамка и компаративните искуства

Кога ќе се земат предвид значењето односно важноста на транспарентноста на политичките партии (особено со оглед на нарушената доверба во нив), позитивните компаративни искуства, членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и другите закони во РСМ и Индексот за активна транспарентност ќе се дојде до заклучок дека политичките партии треба редовно да објавуваат бројни информации и документи, кои може да ги поделиме во три категории:

| 1. Основни информации за политичката партија | 2. Информации околу финансиите на политичката партија | 3. Други информации за работењето на политичката партија |
|---|---|---|
| Информации кои овозможуваат запознавање со политичката партија, нејзината структура и органи, нејзините програми, нејзиното членство односно правата и обврските на членовите и слично. Во период на избори под основни податоци за политичката партија ќе се сметаат податоците за коалицијата чиј дел е таа, кандидати за пратеници во Собранието на РСМ од наведената политичка партија односно коалиција, кандидат за претседател на РСМ или кандидати за органите на локалната самоуправа и други. | Информации кои ќе му овозможат на граѓанинот да се запознае со изворот на приходите на политичката партија, донациите и донаторите (вклучувајќи ги и непаричните донации), висината на расходите, за што се користат расходите и слично. | Сите други информации кои не може да се класифицираат како основни информации или информации за финансиите, а чие објавување е задолжително согласно законите или е од интерес за граѓаните. |

Информациите кои се предвидени во табеларниот преглед произлегуваат од: Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Законот за финансирање на политичките партии и Изборниот законик, а дел од нив не произлегуваат од ниту еден закон туку се препорачува нивно објавување поради фактот што компаративната анализа покажува дека политичките партии од поразвиените земји нив ги објавуваат.

За крај, се препорачува партиите да ги напуштат досегашните практики дел од документите се објавуваат во скениран формат (PDF) или во други формати кои не се компјутерски читливи.

Имено, **партиите треба да се стремат сите информации да ги објавуваат и во отворен формат, односно формат кој е машински читлив.** Дополнително, нивните веб-страници треба да имаат можност за пребарување.

Во крајна инстанца, партиите во РСМ треба да ги прифатат позитивните искуства од партиите во други земји – да овозможат посетителот на веб-страницата да одбере редовно, преку електронска пошта, да ги добива информациите и документите за партијата.

# Прилог 1 – табеларен преглед на информации и документи кои партиите треба да ги објавуваат на своите веб-страници

| 1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| 1.1. Редовно работење | | | |
| **Документ/информација која треба да се објави** | **Од каде се добива документот/ информацијата** | **Кој треба да ја објави информацијата** | **Кога се објавува информацијата** |
| Пречистен текст на Законот за политичките партии | Службен весник | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/организациска единица за веб-страница | Веднаш, а се ажурира по секое изменување и дополнување на законот или по усвојување на нов закон |
| Пречистен текст на Законот за финансирање на политичките партии | Службен весник | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а се ажурира по секое изменување и дополнување на законот или по усвојување на нов закон |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Пречистен текст на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | Службен весник | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а се ажурира по секое изменување и дополнување на законот или по усвојување на нов закон |
| Пречистен текст на Изборниот законик | Службен весник | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а се ажурира по секое изменување и дополнување на законот или по усвојување на нов закон |
| Пречистен статут на политичката партија | Генерален секретар на партијата | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а се ажурира по секое изменување и дополнување на статутот или по усвојување на нов статут |
| Партиска програма (важечка и претходни програми) | Генерален секретар на партијата | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а да се ажурира по секое изменување и дополнување на програма или усвојување на нова програма за период |
| Основни податоци за контакт со политичката партија (адреса, телефонски број, имејл адреса) | Генерален секретар на партијата | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш доколку не се објавени, а континуирано ажурирање |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Контакт информации од службеното лице/ Службените лица за посредување со информации[17] | Службено лице за посредување со информации | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а редовно се ажурира при настаната промена |
| Име и презиме и биографии на претседателот на партијата, замениците на претседателот /потпретседателите, доколку постојат | Генерален секретар на партијата и служба во партијата | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а да се ажурира секоја промена на функционери |
| Име и презиме, контакт податоци и биографија на генералниот секретар на партијата | Генерален секретар на партијата и служба во партијата | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а да се ажурира секоја промена на генерален секретар |
| Имиња и презимиња и биографии на членовите на извршните тела (извршен одбор, централен одбор и слично, зависно од називот) и надзорното тело (надзорен одбор или друг назив) | Генерален секретар на партијата и служба во партијата | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а да се ажурира секоја промена на функционери |

[17] Член 8, ст. 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во врска со ст. 1, ст. 3 и ст. 4 од истиот член.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Информации за организациските единици организирани според територијалниот принцип (број, адреси, претседатели и контакт-информации) | Генерален секретар на партијата и служба во партијата | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а да се ажурира секоја промена |
| Имиња и презимиња на членовите на највисокиот колегијален орган (конгрес, собрание и слично) | Генерален секретар на партијата и служба во партијата | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Штом се заврши именувањата на членовите на колегијалниот орган, а најдоцна 15 дена пред неговото одржување |
| Партиски комисии и нивни членови | Генерален секретар на партијата и служба во партијата | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а да се ажурира по секоја промена |
| Одлуки за избор на органи | Генерален секретар на партијата и служба во партијата | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а да се ажурира со секоја нова одлука |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Список на пополнети работни места во партијата, со информација за плата на секое пополнето работно место и контакт информации на лицата кои се вработени на клучните позиции | Генерален секретар на партијата и служба во партијата | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а да се ажурира со секоја нова одлука |
| Огласи за вработување со назив на позицијата, опис на работни обврски и работно време и предвидена нето плата | Генерален секретар на партијата и служба во партијата | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Секогаш кога ќе се пополнува работно место во партијата |
| Одлука за годишна членарина[18] | Генерален секретар на партијата и служба во партијата | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а да се ажурира по секоја промена на одлука |
| Линкови до профили на социјални мрежи | Служба во партијата | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а да се ажурира по секоја промена на профили |

[18] Препорачливо е освен одлука за годишна членарина да има и посебно поле на самата веб-страница преку кое ќе може да лицето да се зачлени, односно да има пристапница која се пополнува преку веб-страницата.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Права и обврски на членовите (извадок од Статут и други соодветни акти) | Служба во партијата | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а да се ажурира при евентуална измена на статутарни обврски за права и обврски |
| **1.2. Дополнителни информации и документи кои треба да се објават за време на избори** | | | |
| **Документ/информација која треба да се објави** | **Од каде се добива документот/ информацијата** | **Кој треба да ја објави информацијата** | **Кога се објавува информацијата** |
| Членови на коалиција на партии, согласно склучениот договорот за коалицирање | Генералниот секретар на партијата кој ќе го обезбеди договорот за коалицирање | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш по склучување на договор за коалицирање |
| Листа на кандидати за пратеници од коалицијата или партијата со нивните биографии[19] | Генерален секретар и служба во партијата | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш по објавување на листи од страна на ДИК[20] |

[19] Доколку станува збор за избори за пратеници, согласно членот 60 од Изборниот законик, откако ќе се утврдат од страна на Државната изборна комисија согласно членот 142 од Изборниот законик.
[20] Член 142 од Изборниот законик.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Листа на кандидати за членови на совет, односно кандидат за градоначалник од коалицијата или партијата со нивните биографии[21] | Генерален секретар и служба во партијата | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш по објавување на листи од страна на ДИК[22] |
| Кандидат за претседател,[23] доколку е предложен од 30 пратеници, со биографијата | Генерален секретар и служба во партијата | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш по објавување на листи од страна на ДИК[24] |
| Датум на почеток и престанок на изборна кампања[25] | ДИК | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш штом ДИК го објави почетокот и престанокот на изборна кампања |

[21] Доколку станува збор за локални избори, согласно членот 60 од Изборниот закони, откако ќе се утврдат од страна на Државната изборна комисија согласно членот 142 од Изборниот законик.
[22] Член 142 од Изборниот законик.
[23] Доколку станува збор за претседателски избори, согласно членот 59 од Изборниот законик, откако ќе се утврдат од страна на Државната изборна комисија согласно членот 142 од Изборниот законик.
[24] Член 142 од Изборниот законик.
[25] Утврден во Роковник од ДИК.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Програми за изборна кампања | Генерален секретар и служба во партијата | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш по промовирање на програмата |
| Информации за изборен штаб, канцеларии на изборни штабови | Генерален секретар и служба во партијата | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш штом телата на партијата ги утврдат членовите на Изборниот штаб, односно штом се отвори канцеларија на изборен штаб, со редовно ажурирање |
| Информации за волонтери[26] | Генерален секретар и служба во партијата | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш по распишување на избори |
| Кодекс за фер и демократски избори | Генерален секретар и служба во партијата | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш по потпишување |

[26] Како да се стане волонтер, кои се начините на волонтирање, број на ангажирани волонтери.

| 2. ИНФОРМАЦИИ ЗА ФИНАНСИИТЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ | | | |
|---|---|---|---|
| 2.1. Редовно работење | | | |
| **Документ/информација која треба да се објави** | **Од каде се добива документот/ информацијата:** | **Кој треба да ја објави информацијата:** | **Кога се објавува информацијата:** |
| Регистар на донации[27] | Лица надлежни за сметководствено и материјално работење | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Во рок од 15 дена од денот на истекот на шестмесечниот период |
| Извештај за добиени донации[28] | Лица надлежни за сметководствено и материјално работење | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш по 31 март или денот кога политичката партија го доставила извештајот за претходната година до УЈП и ДЗР (до кои мора да го поднесе) |

[27] Член 17, ст. 5 од Законот за финансирање на политичките партии согласно кои политичките партии мораат на секои шест месеци, за изминатиот шестмесечен период, да објавуваат регистар. Повеќе детали околу содржината, формата и начинот на водење на овој регистар во: Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на донации (Службен весник на Република Македонија бр. 126/2014).

[28] Согласно членот 25, ст. 1 политичката партија подготвува извештај за добиени донации, а согласно ст. 2 овој извештај ги содржи податоците од регистарот на донации. Иако членот 25 не предвидува екплицитно дека политичката партија е должна извештајот да го објави, тоа е позитивна практика, особено ако се земе предвид дека регистарот е веќе објавен. Вреди да се помне и дека доколку ваквиот извештај не биде во наведениот рок (31 март) поднесен до ДЗР и УЈП, се врши суспензија на исплата на средства за редовно годишно финансирање од Буџетот на РСМ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Годишна сметка за финансиско работење[29] | Лица надлежни за сметководствено и материјално работење | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш по поднесувањето до УЈП, ЦРМ и ДЗР |
| Годишен финансиски извештај[30] | Лица надлежни за сметководствено и материјално работење | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | До 30 април во тековната година за претходната година. |
| Список на недвижен имот со кој располага ПП | Лица надлежни за сметководствено и материјално работење | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | По секоја промена |
| Конечни ревизорски извештаи на ДЗР за редовно работење | Државен завод за ревизија | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш по објавувањето на Конечен ревизорски извештај од страна на ДЗР |

[29] Член 26, ст. 7 од Законот за финансирање на политичките партии.

[30] Член 27-а во врска со членот 27. Годишниот извештај пред да се објави на веб-страницата треба да се поднесе до ДЗР до 31 март во тековната, за претходната година. Доколку годишниот извештај не е поднесен во наведениот рок до ДЗР се врши суспензија на исплата на средства за редовно годишно финансирање од Буџетот на РСМ на политичката партија (со одлука за суспензија на министерот за правда). Доколку, пак, годишниот извештај не е објавен на веб-страницата согласно членот 27-а, партијата го губи правото на редовно годишно финансирање од Буџетот на РСМ за период од три месеци.

| 2.2. Дополнителни информации и документи кои треба да се објават за време на избори | | | |
|---|---|---|---|
| **Документ/информација која треба да се објави** | **Од каде се добива документот/ информацијата:** | **Кој треба да ја објави информацијата:** | **Кога се објавува информацијата:** |
| Извештај за примени донации на трансакциска сметка за изборна кампања[31] | Лица надлежни за сметководствено и материјално работење | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница.<br>Информацијата треба да ја објават сите политички партии во коалицијата доколку имаат сопствена веб-страница или на веб страницата на носителот на коалицијата. | Зависно од тоа дали станува збор за избори кои се одржуваат во еден или два круга[32] |

[31] Член 84-б од Изборниот законик, во врска со одредбите од членот 83-б (Регистар на донации за време на изборна кампања).

[32] Доколку изборите се одржуваат во еден круг, учесникот во изборната кампања е должен на 11-тиот ден од изборната кампања, како и во рок од еден ден по завршувањето на кампањата да поднесе извештај со образец за примени донации на трансакциска сметка за изборна кампања до ДИК, ДЗР и ДКСК. Ако има и втор круг на гласање, еден ден пред вториот круг се доставува извештајот до наведените три институции. Веднаш откако ќе се достави извештајот до наведените институции треба да се објави на веб-страницата (член 84-а, ст. 7).

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вкупен финансиски извештај за изборна кампања (со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања[33] | Лица надлежни за сметководствено и материјално работење | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница.<br>Информацијата треба да ја објават сите политички партии во коалицијата. | Веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на затворање на трансакциската[34] сметка отворена заради прибирање на средства за финансирање на изборна кампања се поднесува до ДИК, ДЗР и ДКСК, а веднаш потоа да се објави на веб-страница |
| Конечен извештај на ДЗР за ревизија на финаниски извештај на учесник во изборна кампања | Лица надлежни за сметководствено и материјално работење | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница.<br>Информацијата треба да ја објават сите политички партии во коалицијата. | Веднаш откако ќе се објави Конечниот ревизорски извештај |

[33] Член 85, ст. 1 од Изборниот законик. Да се земе предвид и: Правилник за образецот за извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборна кампања и извештај за примени донации на трансакциска сметка за финансирање на изборна кампања (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 80/2020, 218/2021).

[34] Трансакциската сметка за изборната кампања се затвора согласно членот 71, ст. 11 во рок од 45 дена од денот на објавување на конечните изборни резултати од одржаните избори за претседател, избори за пратеници и избори за членови на советите во единиците на локалната самоуправа и избори за градоначалник. Со затворањето на трансакциската сметка се брише и единствениот даночен субјект на изборната коалиција.

| 3. ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ | | | |
|---|---|---|---|
| 3.1. Редовно работење | | | |
| **Документ/информација која треба да се објави** | **Од каде се добива документот/информацијата:** | **Кој треба да ја објави информацијата:** | **Кога се објавува информацијата:** |
| Листа на информации од јавен карактер со кои партијата располага | Службено лице за посредување со информации во соработка со лица надлежни за правни работи | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а континуирано се проверува дали има промени |
| Начин на поднесување на барање за пристап до информација од јавен карактер, место/адреса за поднесување, како и начинот на поднесување на жалба | Службено лице за посредување со информации | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а редовно се ажурира при настаната промена |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од политичката партија до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер | Службено лице за посредување со информации | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | До 31 јануари во тековната година за претходната година |
| Висина на надоместоци на трошоци за посредување со информации | Службен весник[35] | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а се ажурира при настаната промена на Одлука на Владата |
| Кодекси на однесување на членови на политичките партии/носители на јавни функции предложени од политичките партии | Службено лице за посредување со информации | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а редовно се ажурира при настаната промена |

[35] Одлука за утврдување на висината на надоместокот за материјалните трошоци за дадената информација од имателите на информации (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 31/2022).

| | | | |
|---|---|---|---|
| Листа на јавни функционери, членови на политичката партија | Службено лице за посредување со информации | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а редовно се ажурира при настаната промена |
| Информации како заинтересираните граѓанини да испратат предлози и идеи за политики и активности до партијата | Службено лице за посредување со информации | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а редовно се ажурира при настаната промена |
| Информации како граѓаните да донираат и кои се законските ограничувања | Службено лице за посредување со информации | Службено лице за посредување со информации во соработка со надлежно лице/ организациска единица за веб-страница | Веднаш, а редовно се ажурира при настаната промена |